РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1020/1
12. 02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и шестата седница одржана на ден 07.02.2020 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-1089/1 од 07.03.2019 година, поради што предметот се затвора и архивира.

Образложение

Врз основа на сознанија од медиумите во Република Северна Македонија оформен е предмет број 09-1089/1 од 07.03.2019 година за постоење судир на интереси за поранешниот директорот на Казнено - поправна установа СКОПЈЕ, Ѓоко Котевски, бидејќи имал влијание при вработувањето во Управата за јавни приходи на својата сопруга, Катерина Котевска.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Управата за јавни приходи, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, Државната комисија ги утврди следниве состојби:

За лицето Катерина Котевска е констатирано дека истата е вработена во Управта за јавни приходи преку Агенција за привремени вработувања Арбеит Де од Скопје со Договор за отстапување на работници за вршење привремени работи, најпрво за период од 19.03.2018 година до 31.12.2018 година. Лицето е отстапено на работно место „Даночен контролор" за кое е потребно вишо или средно образование. Потоа со Спогодба за престанок на работен однос со број 0402/5991 од 26.10.2018 година и престанува работниот однос заклучно со 19.10.2019 година.

По добиено известување за обезбедени финансиски средства за ангажирање на лица со договор за дело бр. 03-6861/1 во Управата за јавни приходи за период до 31.12.2018 година, лицето Катерина Котевска повторно е ангажирана со договор на дело за период од 22.10.2018 година до 31.12.2018 година.

По завршување на овој период, врз основа добиено Известување за обезбедени финансиски средства за фискалната 2019 година за привремени вработување во Управта за јавни приходи, Катерина Котевска повторно е ангажирана преку Агенција за


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

привремени вработувања Спид, за преиод од 01.01.2019 до 31.03.2019 година. Со Анекс на овој договор, продолжен е периодот за кој Катрина Котевска е отстапена на Управта за јавни приходи, заклучно со 31.05.2019 година.

По вака утврдената состојба Државната комисија побара од Министерството за финансии да го преиспита ангажирањето на лица преку агенции за времени вработувања за вршење на работни задачи за кои се потребни соодветни квалификации и одредено работно искуство во областа во однос на навремено и ефективно исполнување на задачите и целите на Управата за јавни приходи, во случаи ангажираните лица да не поседуваат соодветно образование.

Од Министерството за финансии беше доставено известување дека, истото не е надлежно да го преиспита ангажирањето на лица преку агенции за времени вработувања во Управата за јавни приходи, со оглед на тоа дека Управата за јавни приходи има својство на правно лице, самостојно настапува во правниот промет, врз основа на што има легитимно право самостојно да ангажира лица со склучување на договори за привремени вработувања.

На седницата одржана на 21.11.2019 година, Државната комисија донесе Одлука да се достави Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице директор на Управа за јавни приходи, но по дополнително разгледување на предметот на колегиум, Државната комисија констатира дека Директорот не го искористил дискреционото право за вработување со оглед на тоа дека постапката за вработување е спроведена согласно Законот за агенциите за привремени вработувања.

Поради фактот што ангажирањето на Катерина Котевска во УЈП е спроведена согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, постојат основи за сомневање за влијание од поранешниот директорот на Казнено - поправна установа СКОПЈЕ, Ѓоко Котевски при вработувањето на својата сопруга, но поради начинот на кој се спроведува таа постапка, без јавен оглас, без можност за конкуренција Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведеното лице.

Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во УЈП преку агенции за привремени вработувања, создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, Виш соработник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk